Прегледни чланак

# „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во функција за развој на културниот туризам во Охрид

*Наташа Диденко*

Името на Охрид од секогаш било поврзувано со значајни настани и личности коишто оставиле длабок белег во културната историја на Македонија и пошироките простори. Меѓу нив се вбројува „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, основан во 1962 година. Во нашето истражување, врз основа на проучување на литературата и анализа на постоечките податоци за атрактивноста на туристичките капацитети, нивната пристапност, превозот, условите за престој и сместувањето на туристите во градот Охрид, се разработува оваа културно-уметничка манифестација и нејзината функција за развојот на културниот туризам во Охрид. Атрактивните содржини на фестивалот, исполнети со интерпретации и презентации на музичкото фолклорно творештво не само што привлекуваат учесници и туристи од многу други земји, туку и поттикнуваат нови туристички патувања, со што Охрид претставува најпознат туристички центар во Република Северна Македонија.

*Клучни зборови*: „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ – Охрид, музичко фолклорно творештво, културен туризам, туристички ресурси, културно наследство

## Развојот на туризмот во Охрид

Уникатноста на Охридскиот регион ја гледаме низ богатата историја, разновидното природно, културно, духовно и материјално наследство. Според географската местоположба, градот Охрид[1] се наоѓа во југозападниот дел на Р. Македонија. Тој е составен од копнен

[1] Според една легенда, што ја кажале браќата Миладиновци, градот името го добил од словенските зборови „во хрид“ – на рид, затоа што стариот дел на градот се наоѓа на рид (Кузмановски 2005).

дел на источната и воден дел – Охридското езеро на западната страна (Поповски, Панов 1996: 280).

Охридското езеро е најголемото природно езеро во Македонија и претставува едно од најатрактивните туристички ресурси во Охрид, што поттикнува нови туристички патувања. Просечната длабочина на езерото е 144,8 м и се протега на надморска височина од 699 м. Тоа се граничи со планините Јабланица на северозапад, Мокра Планина на запад и југ, Петрина Планина и Галичица на исток (Димитријевиќ 2009: 201). Езерото има сино-белузлава боја, по што впрочем и го добило своето древно име – Бело Езеро. Прозирноста на водата изнесува 21.5 м, со што е апсолутно најпрозирен природен воден акваториум во светот (Ѓоргиевски 2009: 165). Природните реткости и ендемските видови на организми со кои располага Езерото, придонеле некои автори да го нарекуваат споменик на природата (Будиноски 2010: 289). Меѓу нив се вбројува рибната фауна, составена од 18 различни видови (Костиќ 1948: 46). Најпозната меѓу ендемичните видови на риби, претставува слатководната охридска пастрмка. Покрај вкусното месо, таа изобилува со квалитетни протеини, јод, разновидни минерали и витамини и затоа има основно значење за риболовците на Охридското Езеро (Костиќ 1947: 16). Природните убавини на Охридското Езеро, големата количина на вода, пријатната клима и урбанизираниот крајбрежен пејсаж придонесуваат за брз туристички развој на Охридскиот регион.

Заради природните убавини, вредности и реткости со кои располага Охридското Езеро, од страна на Конвенцијата за заштита на светското природно наследство на Обединетите Нации во рамките на организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО)[2], во 1979 година е внесено во регистарот за природно наследство[3], додека една година подоцна во 1980 година, според значењето на културните вредности со кои располага Охрид и нивниот степен на загрозеност, како град е внесен во регистарот за културно наследство[4] на Р. Македонија.

[2] Повеќе информации за УНЕСКО в.: UNESCO World Heritage Centre – World Heritage (Web).

[3] Заштитата на природното наследство е регулирана со Законот за заштита на природата.

[4] Културното наследство на Охридскиот регион има неколку слоеви на правна заштита. Согласно Законот за заштита на културното наследство, ги претставува материјалните и нематеријалните добра, коишто како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други на-

Туризмот претставува една од главните стопански гранки во Охридскиот регион. Првите туристичките движења во Охрид, се забележани во периодот меѓу двете светски војни и се тесно поврзани со развојот на туризмот во поранешна Југославија. Во таа смисла, првата иницијатива за развојот на туризмот во Охрид била поттикната од индивидуални сопственици на угостителски објекти, со изградба на нови и модерни хотели. Во 1926 година бил изграден првиот хотел во Охрид –„Сплендит“, во сопственост на охридскиот трговец Антониј Радич. Во 1928 година бил преименуван во „Српски Краљ“, а по ослободувањето во „Стефан Радиќ“. Од 1947 до 1960 година хотелот за свој дом го превземала Југословенската Народна Армија (Јаћимовић 1967: 220). Во периодот од 1932 до 1934 година, во Охрид биле изградени хотелите „Турист“, во сопственост на турскиот трговец Зубер Деко и хотелот „Париз“ во сопственост на охридскиот кафеџија Борче Гинек, кој работел до 1940 година. Подоцна бил преименуван во „Летница“ и работел како ресторан. Во 1935 година бил израден и хотелот 'Белви' од страна на белградскиот инжињер Орестије Крстић – претседател на првото туристичкото друштво во Скопје – „Југ“[5] (Јаћимовић 1967: 220-221).

По Втората светска војна, во Охрид бил изграден и најреномираниот хотел од А категорија „Палас“. Неговата изградба започнала во 1948 година, а завршила во 1959 година. Меѓутоа, и покрај

учни или културни вредности, својства, содржини или функции имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со овој и друг закон. Во согласност со Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на културното наследство има преименување, дополнување и додавање на членови коишто се од особено значење за културното наследство на Р. Македонија и Охридскиот регион. Меѓутоа, во согласност со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид како културно наследство од особена важност се овозможува: трајно зачувување на историските, уметничките, урбанистичките, амбиенталните, етнолошките, духовните, социолошките и другите научни и културни вредности, како и автентичноста, единственоста, реткоста, разновидноста, интегралноста, староста и други својства, содржини и функции; создавање поволни услови за опстанок и задржување на интегритетот на сите податоци што ги носи во себе како сведоштво; ширење сознанија за неговите вредности, значење и улога во културната идентификација; оспособување да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните и спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување или деградирање.

[5] Со неговото формирање во 1927 година, се појавува првата организирана туристичка дејност во Македонија. Меѓутоа, поради светската економска криза во триесетите години од минатиот век, непостоењето на сместувачките капацитети, лошата состојба на патиштата и сл., друштвото не било мошне активно (Будиноски 2010: 219).

атрактивната локација на хотелот во близина на Охридското езеро, бројните сместувачки капацитети, уникатниот надворешен и внатрешен ентериер, тој не успеал да даде значаен придонес во развојот и афирмацијата на Охрид како туристички центар во земјата и надвор од неа (Јаћимовић 1967: 222–224). Всушност, работата на тој хотел претствувала показател за идниот урбанистички план и развој на туристичките капацитети во Охрид. Од таа причина, идниот период во Охрид се карактеризирал со изградба на детски, работнички одмаралишта и камп населби. Развојот на туризмот во овој период не се поврзувал со остварување на поголеми економски ефекти, туку тежиштето се ставало на рекреативно-здравствената, културно-воспитната и социјалната функција (Будиноски 2010: 221).

По прогласувањето на Македонија за самостојна и независна држава во 1991 година, во Охрид започнале да се превземаат мерки за создавање на услови за развој не само на домашниот туку и на странскиот туризам. Во остварувањето на тие определби придонес дале потенцијалите за развојот на туризмот како: природни карактеристики (геотуристичка положба, релјеф, клима); природни вредности, културно-историски вредности (наследство и етнографски вредности) и сместувачки капацитети (Димитријевиќ 2009: 195). Во овој период била забележлива приватизацијата на одредени угостителски објекти и изградба на нови помали хотели. Меѓутоа, од неопходно значење било изготвувањето и донесувањето на стратегија за долгоречен развој во Охридскиот регион, со која би се обезбедила дополнителна реконструкција и модернизација на постоечките сместувачки капацитети, подобрување на хигиенските услови во туристичките места, збогатување на содржината на туристичката понуда, како и добро осмислена и квалитетна промоција на туристичките вредности со кои располага Охрид (Будиноски 2010: 224–225).

Денес, Охрид претставува најпознат туристички и културен центар во Р. Македонија. Неговото богато културно историско наследство претставено преку археолошки локалитети, тврдини, цркви, манастири претставува атрактивна туристичка активност за неговите посетители. Во текот на летните месеци во Охрид е забележлива зголемената посетеност на странски и домашни туристи, а со тоа и целосното пополнување на сместувачките капацитети во хотелите, апартманите, камповите. Во овој период од годината Охридскиот регион е исполнет со значајни културни манифестации, коишто традиционално се одржуваат на некоја значајна културно историска знаменистост. Нивната програма е збогатена со истакнати личности од областа на музиката, уметноста, театарот, литературата и спортот. Културните манифестации не само што придонесуваат Охрид да претставува зна-

чаен културен центар во Р. Македонија, туку и придонесуваат за физичка и психичка релаксација на туристите. Помеѓу, тие значајни културни манифестации се вбројува „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, кој со својата содржина дава значителен придонес во развојот на културниот туризам во Охрид.

## „Балкански фестивал на народни песни и игри“

Неповолната состојба на македонското фолклорно творештво во шеесетите години, била поттик за формирање на културно-уметнички манифестации во Македонија. Помеѓу тие културни манифестации, чија цел била да дадат свој придонес во зачувувањето на изворното и автентично фолклорно творештво бил и „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, којшто се одржува до ден денес во Охрид (Диденко 2017: 231).

Патот до реализација за востановување на оваа манифестација бил прилично долг. Идејата за формирање на ваков вид на фестивал, на кој ќе биде презентирано богатството на народите на Југославија, била поттикната од Културно просветната заедница (во натамошен текст: КПЗ) на Македонија, а била поддржана од Претседателството на КПЗ на Југославија и од други заинтересирани фактори во Републиката (Ристовски 1968: 325). Фестивалот бил основан во 1962 година, под неговото првобитно име „Охридски фестивал на аматерски ансамбли на народни песни и ора“.

На 20 јули 1962 година отварањето на првиот фестивал, било означено со свечена програма на која покрај аматерските фолклорни ансамбли од скоро сите земји на поранешна Југославија, учество земал и Фолклорниот ансамбл на просветни работници од Лондон – Англија (Душаниќ 1982), што покажува дека уште од самиот почеток содржината на фестивалот била атрактивна и го привлекувала интересот на поголемите европски земји.

Учесниците, за време на фестивалот биле поттикнати на сцената да ги претставaт најдобро нивните музичко-сценски, интерпретаторски и вокални способности и да освојат награда за најдобар ансамбл, оркестар, соло интерпретатор, дует, носија, млад учесник и сл. Во таа смисла, тој давал придонес и во развојот на натпреварувачкиот дух на учесниците (Велковска 2002: 11).

Во периодот од 1964 до 1967 година, бил направен прекин на фестивалот со цел да се прецизира и концепциски оформи неговата содржинска програма, во смисла да се одреди кој вид на музика ќе биде застапена на фестивалската сцена и според кои критериуми ќе може

да се земе право на учество. Во септември 1967 година, Фестивалот добил своја описна номенклатура, со која се верувало дека ќе придонесе за зачувување на автентичноста на народната култура и уметност. Таа гласи:

> На фестивалот настапуваат вокални, инструментални и вокално-инструментални солисти, групи и ансамбли кои го презентираат автентичното народно творештво и традиционалната култура: ора, игри, песни, обреди, поговорки, гатанки, благослови, обичаи, носии, инструменти, ракотворби и други фолклорни жанрови (Душаниќ 1982).

Од наредната 1968 година фестивалот ја продолжил својата мисија за зачувување на музичкото фолклорно творештво под името „Балкански фестивал на народни песни и игри“ – име под кое и до денес опстојува. Целта на фестивалот била да се добијат податоци за помалку проучуваните фолклористички проблеми и аспекти од духовната и материјалната култура на балканските народи. Во рамките на фестивалот како новина поттикната од страна на Одборот за организација на фестивалот бил воведен Меѓународниот симпозиум за балканскиот фолклор. По традиција, Симпозиумот се одржува секоја втора година во Охрид, во организација на Јавната Научна Установа Институтот за фолклор „Марко Цепенков“[6]. На овој Симпозиум со свои трудови учество земаат истакнати научни работници од

[6] Институтот за фолклор „Марко Цепенков“– Скопје, како една од најстарите институции во Република Македонија, е основан 6 април 1950 со Уредба за основање Фолклорен институт, како самостојна научна институција со посебен национален интерес под името: Фолклорен институт на НРМ. Новоформираниот Институт ги имал следните задачи: да ја организира работата на собирање, систематизирање и конзервирање на фолклорното богатство на македонскиот народ; научно да го анализира, проучува и обработува собраниот материјал од подрачјето на националниот фолклор, да соработува со организации, друштва и установи што работат на пропагирање на народната уметност на НРМ; да се грижи за понатамошното развивање на народното уметничко творештво од НРМ и да подготвува научни и научно-популарни публикации од областа на својата работа и сл. (Паликрушева 1981: 11). Во текот на своето постоење и развиток Институтот претрпел неколку трансформации. Во согласност со Уредбата за продолжување со работа на Фолклорниот институт како научна установа, продолжува со работа како научна установа според прописите за научни установи под името: Институт за фолклор. Од јуни 1979 година го носи името Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – по најплодниот и познат собирач на македонското фолклорно и етнолошко богатство од минатото. Со ова именување е регистриран во судот и другите надлежни установи. Во согласност со Законот за научно-истражувачка дејност, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје е прогласен за Јавна Научна Установа.

Македонија и странство, а презентираните материјали се објавуваат во списанието *Македонски фолкор*[7] (Младеновски 2009: 878–879).

„Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ е член на асоцијациите на Организацијата за образование, наука и култура на организацијата на Обединетите нации (УНЕСКО) и Меѓународниот совет за организациите за фолклорни фестивали и народни уметности (CIOFF). Меѓутоа, како највисоко општествено признание за особено значајни остварувања во културната дејност од посебно значење за Р. Македонија е наградата „Климент Охридски“, што му е доделена во 1982 година (Велкоска 2002: 18).

Анализирајќи ги програмите на фестивалот од неговото востановување до денес забележуваме дека на охридската сцена учество земале бројни балкански, европски и воневропски земји ширум светот (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Македонија, Косово, Бугарија, Турција, Англија, Австрија, Романија, Унгарија, Италија, Албанија, Румунија, Кипар, Грција, Холандија, Шпанија, Малезија, Грузија, Русија, Нигерија, Порторико, Полска и др.), кои не само што давале и сѐ уште даваат значаен придонес за поголема презентација и афирмација на македонското фолклорно творештво, туку и даваат можност за компарација на нивниот со македонскиот фолклор.

Во 2018 година се одржа 57-то издание на „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, што претставува потврда за неговото реноме како една од најстарите фолклорни манифестации на балканските простори. Фестивалот со својот програмски континуитет за учесниците и слушателите обезбедува високо културно-уметничко и општествено ниво. Па затоа, можеме да кажеме дека би биле осиромашени доколку не би се одржувал овој фестивал како културна манифестација што го презентира вруточниот изблик на творечкиот народен дух вткаен во песните, игрите, носиите и обичаите на балканските и народите ширум светот (Пејчиновски 1978: 10).

[7] Списанието *Македонски фолкор* започнало да се издава и печати во 1968 година, како прва македонска специјализирана научна фолклористичка публикација. Списанието имало за цел да ги собере истражувачите кои се занимавале со македонскиот, јужнословенскиот и општобалканскиот фолклор од Македонија, но и од другите републики на Југославија и странство Во него покрај другите материјали, студии, статии, соопштенија и критики, се објавуваат и материјалите од Меѓународниот симпозиум за балканскиот фолклор во Охрид (Диденко 2017: 129–130).

# „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во функција за развој на културниот туризам во Охрид

Охридскиот регион карактеристичен по културните, природните и другите богатства, претставува добар предуслов за организирање на бројни настани кои се создадени по различни основи. Некои од нив се поврзани со развојот на археолошкиот, спортскиот, планинскиот, езерскиот, гастрономскиот, деловниот и еко туризам, но има и такви настани коишто во себе ја имаат вклучено традицијата како важен дел од животот на човекот. Всушност, настаните во кои е вклучена традицијата како основа за креирање специфична, селективна и современа туристичка понуда добиваат сè поголемо значење за развојот на туризмот (Коруновски, Мариноски и др. 2014: 4). Во таа смисла, во Охрид како специфичен вид на туристичка понуда се вбројува и „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“. кој во нашиот предмет на истражување претставува една од значајните компоненти во развојот на културниот туризам кој се темели на зачувување и почитување на културата на балканските, европските и воневропските земји ширум светот, но и како современ облик на туризмот е значаен во креирањето на туристичката понуда што придонесува за зголемена промоција и посетеност на Охрид како атрактивна и меѓународно афирмирана туристичка дестинација. Истражувањето се прави со цел да се утврди во колкава мера овој настан во периодот 2011–2016 година ги привлекува туристите во Охрид, односно дали како културен настан претставува мотив за доаѓање и посета на Охрид како дестинација.

Целта на истражувањето на овој труд започнува со теориските основи во дефинирањето на културниот туризам како поим, за кој може да се каже дека не постои една и единствена дефиниција. Според McKercher постојат онолку дефиниции за културниот туризам, колку што има културни туристи, додека според Keillor друг вид на туризам освен културниот туризам и не постои. Тој е суштината на туризмот! (Jelinčić 2008: 45). Според Greg Richards, под културен туризам во потесната смисла на зборот се подразбираат „движења на луѓето со силна културна мотивација – патувања до фестивали или други културни настани, посета на знаменитости и културни споменици“, додека во пошироката смисла на зборот се подразбираат „сите движења на луѓето коишто се поттикнати од задоволувањето на сопствените потреби за разновидност, насочени кон зголемувањето на културното ниво на поединецот и создавањето на нови знаења и искуства“ (Richards 1996: 24). Во тој контекст, врз основа на анализа на литерату-

рата од оваа област, произлегува нашата основна цел која укажува на движењата на луѓето коишто го посетуваат „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, со цел за задоволување на сопствените потреби за разновидност и создавање на „уникатното“ културно искуство што фестивалот го има во овој сегмент, но и на неговиот потенцијал за развојот на Охрид како атрактивна туристичка дестинација.

„Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ како културен настан во периодот 2011–2016 година преставува специфично осмислена понуда која во себе содржи голем број на основни фактори: содржина, уникатност, локација, време, традиција и траење, врз чија основа ги развиваме следните критериуми:

– Според потеклото на изведување: претставува настан со традиција, кој се одржува во периодот 6–11 јули;
– Според перманентноста во местото на одржување: претставува настан кој се одржува постојано во едно место – на летната сцена Долни Сарај;
– Според просторниот опфат на нивото на одржување (Ѓоргоноска Калајџиевска 2016:13): претставува препознатлив настан на интернационално ниво;
– Според формата и содржина: претставува културен настан којшто содржи и придружни манифестации: фолклорно дефиле низ улиците на Охрид, изложби, симпозиуми, тематски средби и сл. Тие, од една страна ја збогатуваат фестивалската програма со културни, забавни, едукативни, етнографски содржини и сл. (Бјелац 2010: 22), но од друга страна овозможуваат фестивалот да придонесе домашните и странските посетители да видат, почуствуваат и да дојдат во допир со нешто ново, коешто ќе го подигне нивното општо образовно и културно ниво.
– Според големината: претставува препознатлив настан, кој има значење во смисла на традиција, атрактивност, квалитет и публицитет, што на својот домаќин (место, регион или дестинација) му дава конкурентна предност, така што со тек на време настанот и дестинацијата стануваат неразделиво поврзани. Donald Getz ваквиот вид на настани ги именува како Халмарк настани (Getz 2008: 407). Во оваа смисла, можеме да кажеме дека како настан во широката категорија на селективните видови на културниот туризам го претставува „манифестацискиот туризам“[8]. Инаку, зборот ’манифестациски’

[8] Поимот ’манифестациски туризам’ не бил широко употребуван пред 1987 година. Во тоа време за прв пат овој поим се користи од страна на Одделот за туризам и промоција на НОв Зеланд кои го дефинирале овој селективен вид: „Манифестаци-

(лат. *manifestare*) означува „јавно изведување, покажување, настапување“, но неговото значење во странската литература се заменува со називот ’туризам на настани’ (event tourism) или ’културни фестивали’ (cultural festivals) (Стојановић 2016: 138).

За значењето на „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, како културен настан добиваме податоци врз основа на Стратешкиот пристап на Шкотска за значењето на настаните и традициите во Република Северна Македонија (натаму: РСМ), преку кои добиваме сознанија за неговото ниво во локалните, општинските регионалните, националните и интернационални рамки, врз основа на следните критериуми: а) влијание врз туризмот и посетеноста на местото; б) ефектите врз бизнисот во подрачјето; в) создавање на позитивна слика за дестинацијата односно местото; г) медиска покриеност на манифестацијата; д) учество на засегнатите страни во креирањето и одвивањето на манифестацијата; ѓ) поврзаност со животната средина и е) социјални и културни придобивки од настанот (Коруновски, Мариноски и др. 2014: 46), Според горенаведените критериуми користејќи го методот на пондерирање од 1 до 5, фестивалот е оценет на следниот начин (Коруновски, Мариноски и др. 2014: 54)

| Балкански фестивал на народни песни и игри – Охрид | Оценка |
|---|---|
| Влијание врз туризмот и посетеноста на местото | 5 |
| Ефектите врз бизнисот во подрачјето | 4 |
| Создавање на позитивна слика за дестинацијата односно местото | 4 |
| Медиска покриеност на манифестацијата | 4 |
| Учество на засегнатите страни во креирањето и одвивањето на манифестацијата | 5 |
| Поврзаност со животната средина | 1 |
| Социјални и културни придобивки од настанот | 4 |

Врз основа на добиените резултати од Шкотскиот метод на пондерирање, забележуваме дека Фестивалот има одлично влијание врз туризмот и посетеноста на Охрид како атрактивна дестинација. Всушност, тоа и го воочуваме преку неговата содржина и програма зе веќе наведениот перидот. Во 2011 година, на 50-от „Балкански фестивал на народни песни и игри“ учествувале 10 ансамбли и 1 Мла-

скиот туризам претставува важен и растечки сегмент на меѓународниот туризам“ (Ристески, Ракичевиќ 2017: 2).

дински фолклорен ансамбл.[9] Во 2012 година, на 51-от Фестивалот учествувале 8 ансамбли и 1 културно-уметничко друштво (понатаму: КУД).[10] Во 2013 година, на 52-от Фестивалот учествувале 12 ансамбли и 1 КУД.[11] Во 2014 година, на 53-от Фестивалот учествувале 11 ансамбли, 2 младински културно-уметнички друштва (понатаму МКУД) и 3 КУД.[12] Во 2015 година, на 54-от Фестивалот учествувале 11 ансамбли и 1 КУД.[13] Во 2016 година, на 55-от Фестивалот учествувале 8 ансамбли и 2 КУД.[14]

[9] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; ансамблот „Коло“, Белград; ансамблот „Филип Кутев“, Софија; ансамблот „Шота“, Приштина; ансамблот „Ровнан“, Велке Ровне; ансамблот „Романасул“, Клуж-Напока; ансамблот „Сесветска села“, Загреб; Младискиот фолклорен ансамбл, Коџаели/Измир; ансамблот „Бисери“, Центар за култура Охрид; ансамблот „Илија Николовски-Луј“, Скопје, и ансамблот „Зета“, Подгорица (50 години Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2011).

[10] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; КУД „Иван Горан Ковачић“, Загреб; ансамблот „Дом на полифонијата“, Тирана; ансамблот „Измир Нарлидере“, Измир; ансамблот „Дримкол“, Вевчани; ансамблот „Варна“, Варна; ансамблот „Ваграм“, Виена; ансамблот „Подегродзие“, Подегродзие, и ансамблот „Ђидо“, Бечеј (51 Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2012).

[11] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; КУД „Илинден“, Велгошти; ансамблот „Осијек 1862“, Осијек; ансамблот „Абант Изет Бејсал“, Бејсал; ансамблот „Светозар Марковић“, Крагујевац; ансамблот „Отекс“, Охрид; ансамблот „Бисери“, Охрид; ансамблот „Златица“, Средногорие; ансамблот „Марболени“, Вел де Бианја; ансамблот „Пролетер“, Сараево, Босна и Херцеговина; ансамблот „Трисчеле“, Арагона-Агриџенто; ансамблот „Зора“, Мохач; ансамблот „Курпианка“, Кадзидло и ансамблот „Никола Јанков Вапцаров“, Скопје (52 Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2013).

[12] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; Неврокопскиот ансамбл „Гоце Делчев“; ансамблот „Петар Зрински“, Врбовец; МКУД „Александар Македонски III“ и МКУД „Илинден“, Мелбурн; ансамблот „Хора Ашкелон“, Тел Авив; ансамблот „Зета“, Подгорица; ансамблот „Истебна“, Истебна; КУД „Дримкол“, Вевчани; ансамблот од Мелбурн; Ансамбл „Видово“, Ново Место; КУД „Ѓердан“, Охрид, РСМ; ансамблот „Емпелокики“, Солун, Грција; ансамблот „Типопластика“, Горњи Милановац; ансамблот „Туфаг“, Јалова; КУД „Илинден“, Велгошти и ансамблот „Отексфолк“, Охрид (53 Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2014).

[13] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; ансамблот „Шиљаковина“, Велика Горица; ансамблот „Истанбул-Кадикој“, Истанбул; ансамблот „Лани“, Познан; ансамблот „Македонка“, Торонто; ансамблот „Вила“, Нови Сад; КУД „Копачка“, с. Драмче; ансамблот „Бартина“, Сегзард; ансамблот „Дримкол“, Вевчани; ансамблот „Киренниа“, Северен Кипар; ансамблот „Софија 6“, Софија и ансамбл „Отексфолк“ од Охрид (54 Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2015).

[14] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ од Скопје; ансамблот „Александар Македонски III“, Мелбурн; ансамблот „Гоце Дечев“, Битола; КУД „Дримкол“, Вевчани; ансамблот „Китка“, Истибања; ансамблот „Македонски бисери“,

Според застапеноста на учесниците во програмата забележуваме дека во својот програмски континуитет Фестивалот го зацврстува сопственото реноме на најстара фоклорна манифестација на балканските простори. Потврда за тоа претставува зголемениот интерес кај учесниците т.к.н културни туристи од балканските, европските и воневропските земји ширум светот, чија примарна мотивација претставува посетата на самиот фестивал (Filipi 2015: 11), со што во доволна мера ги задоволуваат нивните културни и социјални потреби. Во задоволувањето на културните-потреби на учесниците значаен придонес даваат и процесите на акултурација и енкултурација, коишто овозможуваат развој на естетското валоризирање на убавото и задоволување на социјалните потреби. Во овој контекст акултурацијата на „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ претставува процес кој се однесува на меѓусебниот контакт со кој се овозможува подобра комунукација и запознавање со основните црти на културата помеѓу домашен и странски учесник; странски и странски учесник; учесник и слушател; домашен и странски посетител; турист и туристичка група; турист и локално население и сл., додека енкултурацијата е резултат на културната интеракција која се развива во текот на културниот контакт помеѓу домашен и странски учесник; странски и странски учесник; учесник и слушател; домашен и странски посетител, со цел да придонесе за подлабоко запознавање на духовното (традиција, адети, фолклорни содржини и сл.) и материјалното наследство (народни носии, накит, обувки, инструменти и други видови на помошни музичко-сценски елементи).

Фестивалот, исто така предизвикува интерес и кај оние културни туристи кои го посетиле Охрид за одмор и релаксација. Како значаен културен настан кој во себе ги вклучува елементите на традицијата, обичаите, музичкото фолклорно творештво, кај локалното население и двата вида на културни туристи овозможува чувство на задоволство и незаборавно културно искуство, коешто придонесува кон промовирање и креирање имиџ на Охрид како туристичка дестинација (Коруновски, Мариноски и др. 2014: 7).

Поради недостаток на евиденцијата на бројноста на посетителите и учесниците на фестивалот, во нашето истражување врз основа на статистичките податоци од Општината Охрид, Одделение за туризам и Државниот завод за статистика на РСМ, добиваме сознанија за бројноста на посетителите на Охрид како туристичка дестинација во месец јули,

Австралија; ансамблот „Пловдив“, Пловдив; ансамблот „Искра“, Подгорица и КУД „Отексфок“, Охрид (55 Балкански фестивал на народни песни и игри, Охрид 2016)

кога всушност се одржува фестивалот.[15] Врз основа на овие податоци забележуваме дека во периодот 2011–2016 година, има наголемување на бројноста на странските посетители од балканските и западноевропските земји (Полска, Турција, Србија, Бугарија Албанија, Словачка, Словенија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Италија, Австралија, Шпанија и др.), што всушност се поклопува со застапеноста на учесниците во програмата и содржината на фестивалот, што укажува на фактот дека со посредство на Фестивалот се отвараат вратите за излез на македонската фолклорна традиција на Балканот и пошироко во светот.

Организираноста на фестивалот, според горенаведените резултати согледуваме дека е на завидно ниво. Како организатор, кој систематски го осмислува, процесира, контролира и промовира овој културен настан од неговиот почеток до крај и кој води грижа за сместувањето на учесниците се јавува Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“, Охрид. Инаку, организирањето на фестивалот е овозможено со материјална помош од Министерството за култура на РСМ, под покровителство на Собранието на РСМ и општината Охрид. Меѓутоа, важна улога во развојот и спроведувањето на самиот настан имаат спонзорствата од институциите: Македонски телеком (Т-мобиле), Ад. Електрани Македонија (ЕЛЕМ), Македонски електропреносен систем оператор (МЕПСО), но и од други компании, организации, агенции, коишто овозожуваат поддршка на овој културен настан во смисла на парична помош, услуги или други средства во замена за промовирање на свои производи и услуги.[16]

Што се однесува пак до медиската покриеност на фестивалот на регионално, општинско и национално ниво е покриена во доволна мера.[17] Меѓутоа, како интернационален фестивал бележи релативно

---

[15] Според статистички извештаи во 2011 година во Охрид имало вкупно 48.016 посетители: 34.419 домашни и 13.597 странски посетители (Статистички извештај 2011 г. во однос на 2010г.). Во 2012 година имало вкупно 45.206. Бројот на домашни посетители бил намален на 31.420, додека бројот на странските посетители бил зголемен на 13.786. Во 2013 бројот на посетители изнесувал 41.448: 26.756 домашни посетители и 16.020 странски посетители. Во 2014 имало вкупно 40.487 посетители: 24.467 домашни и 19.492 странски посетители. Во 2015 година имало вкупно 43.089 посетители: 24.945 домашни и 18.144 странски посетители. Во 2016 година имало 47.300 вкупно поетители: 27.814 домашни и 19.486 странски посетители.

[16] Меѓу нив се вбројуваат: Хотел Инекс Горица, Винарија Охрид, Жито леб, Скрин медиа компанија за висококвалитетни реклами, компанија Андрос, автобуски превоз Галеб Ад. Охрид, приватно градежно претпријатие Ремис, Кожувчанка, Синалко, Пелистерка, туристичка агенција Фибула, Тинекс, Охридски комуналец, Фото дигитал Rex, Бурекџилница и слаткарница Палма и др.

[17] Македонската Радио Телевизија, Сител, Канал 5, А1 телевизија, Телма, Алфа ТВ, 02 телевизија, Сити радио, Метрополис радио, Антена 5, радио Охрид, Радио мрежа

слаба покриеност во странските медиуми. Од таа причина потребно е зголемување на покриеноста во странските медиуми, што ќе придонесе кон зголемување на имиџот на фестивалот на интернационално ниво.

„Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ со самото тоа што привлекува учесници од балканските, европските и воневропските земји ширум светот, во доволна мера има влијание и во креирањето на локален и меѓународен имиџ на Охрид како дестинација, во која оптимално се користат природните, културните и другите богатства на Охридскиот регион. Како препознатлив настан, кој има значење во смисла на традиција, атрактивност, квалитет и публицитет, претставува самостојна туристичка дестинација, но претставува и основа за надополнување на летната туристичката содржина на туристичките агенции (Ѓоргоноска Калајџиевска 2016: 93), во кои се вклучуваат организирани посети на богатото Охридско културно историско наследство т.е археолошки локалитети, тврдини, цркви и манастири. Како најчесто посетени културно-историски знаменистости се: црквите: Св. Софија, Св. Јован Богослов во Канео, Св. Богородица Перивлепта, Св. Богородица Захумска, Самоиловата тврдина, Античкиот театар, староградската архитектура во куќата на семејството Робеви, Охридскиот музеј, исламските споменици и др. Помеѓу нив се вбројува и црквата Св. Климент Пантелејмон на Плаошник и манастирот Св. Наум коишто не потсетуваат на словенските просветители Кирил и Методиј, и нивните ученици Климент и Наум, коишто ја ширеле словенската азбука (Ѓоргиевски 2009: 175).

Меѓутоа, за развојот на туризмот и афирмацијата на „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во земјата, Балканот и ширум светот од пресудно значење се и природните туристички ресурси на Охридскиот регион. Од широката лепеза на природни вредности со кои располага Охрид, туристичките организации во своите понуди го издвојуваат природното Охридско езеро, коешто е прогласено за светско туристичко наследство и како такво ставено е под заштита на УНЕСКО во 1979 година. За задоволувањето на туристичките потреби, пред странските и домашните учесници туристичките организации во своите програми имаат организирано и дополнителни рекреативни услуги, во коишто е вклучена посетата на охридското крајбрежје каде е лоциран атрактивниот музејски комплекс Музеј на вода во заливот на коските на Охридското езеро и убавите песочни

---

77, Ohridnews, ohrid.mk, Ohrid sky, Ohridpress, OhridVest, In press, Утрински весник, НоваМакедонија, Вест, Дневник, Вечер и др.

плажи меѓу кои се вбројуваат: Канео, Горица, Пештани, Трпејца и други (Панов 2001: 104).

Според досегашните согледувања „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“, како една од најстарите културни манифестации на Балканот, развивајќи ги и збогатувајќи ги своите содржини низ своето пет децениско постоење, во периодот 2011–2016 година дава значаен придонес во запознавањето и зачувувањето на музичкото фолклорно наследство и богатство како значаен дел од културната историја на Република Северна Македонија. Со неговата специфичност, квалитет, содржина и организација, придонесува за создавање на возбудлива, благородна натпреварувачка атмосфера, која го активира и канализира во повисока етичка и естетска категорија стремежот на изведувачот или на колективната група да ги манифестира своите умешности и достигнувања (Чучков 1962: 4).

Според горенаведените податоци, стекнуваме сознание дека содржината и програмата на „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во периодот 2011–2016 година претставува самостојна туристичка дестинација, којашто привлекува поголем интерес кај учесниците на балканските, европските и воневропските земји. Со неговата содржина и програма на учесниците и посетителите-културните туристи од една страна овозможува задоволување на сопствените културни и социјални потреби и создавање на уникатно културно искуство, но од друга страна овозможува запознавање со уникатноста на културните, природните и антропогените вредности на Охридскиот регион. Тргнувајќи од познатата изрека „Задоволниот гостин е најдобра пропаганда“ (Симонческа 2000: 135), може да се каже дека оваа манифестација во современиот облик на туризам ќе претставува значајна компонента во креирањето на туристичката понуда бидејќи делува на постојаност на посетителите и претставува значаен поттикнувачки фактор за нови туристички движења во Охрид – најпознатиот туристички центар во Р. Северна Македонија.

## Библиографија

Бјелац, Жељко (2010). *Туристичке манифестације у Србији.* Београд: Географски институт „Јован Цвијић“ САНУ.

Будиноски, Михајло (2010). *Развој и планирање на туризмот.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

Велковска, Драгана (2002). *Балканскиот фестивал на народни песни и игри 1962–2002.* Охрид: Дом на култура „Григор Прличев“.

Диденко, Наташа (2017). *Развојот и дејноста на музичките културно-уметнички организации и манифестации во Македонија (1945–1991).* Скопје: Институт за национална историја (докторска дисертација во ракопис).

Димитријевиќ, Јелена (2009). *Животна средина, туризам и одржлив развој.* Скопје: Факултет за туризам.

Душаниќ, Милорад (ур.) (1982). *Балкански фестивал на народни песни и* игри. Скопје.

Ѓоргоноска Калајџиевска, Ивана (2016). *Значење и потенцијал на настаните за развој на туризмот во Југозападниот регион на Република Македонија.* Охрид: Универзитет „Св. Климент Охридски – Битола, Факултет за туризам и угостителство, Охрид (магистерски труд).

Ѓоргиевски, Мијалче (2009). *Туристичка географија.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

Закон за научно-истражувачката дејност. *Службен весник на Р. Македонија* 13(96), 381–383.

Закон за заштита на културно наследство. *Службен весник на Р. Македонија* 20(4), 2–4.

Закон за заштита на природата. *Службен весник на Р. Македонија* 67(4), 14–16.

Закон за именување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство. *Службен весник на Р. Македонија* 115(7), 2–16.

Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. *Службен весник на Р. Македонија* 47(11), 42–49.

Извештај за самоевалуација на институцијата и студиската програма по Фолклористика на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје (2017) http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Izveshtaj_za_samoevaluacija_IF_2017.pdf (Превземено 4. 8. 2018).

Јаћимовић, Братислав (1967). Охрид – Развитак туризма и промет туриста. *Гласник Српског географског друштва* XLVII(2), 219–231.

Коруновски Сашо и др. (2014). *Подстратегија за традиции и настани на Република Македонија.* Охрид.

Кузмановски, Ристо (2005). *Историја за Охрид. Охрид и неговите ризници*. http://www.ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=143#Ohrid_gradnavekovite (Превземено 8. 8. 2018).

Младеновски, Симо (2009). Македонски фолклор. Во: Блаже Ристовски (Ред.). *Македонска енциклопедија*, том I. Скопје: Македонската академија на науките и уметностите, 878–879.

Паликрушева, Галаба (1981). Извештај за работата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје. *Македонски фолкор* XIV(27–28), 11–15.

Панов, Никола (2001). *Туристичка енциклопедија на Република Македонија*. Скопје.

*50 години Балкански фестивал на народни песни и* игри (2011). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.

*51 Балкански фестивал на народни песни и* игри (2012). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.

*52 Балкански фестивал на народни песни и* игри (2013). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.

*53 Балкански фестивал на народни песни и* игри (2014). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.
*54 Балкански фестивал на народни песни и* игри (2015). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.
*55 Балкански фестивал на народни песни и* игри (2016). Охрид: НУ Центар за култура „Григор Прличев“.
Пејчиновски, Д. (1978). Балкански фестивал на народни песни и игри: Фолклорни треперења кај езерото. *Нова Македонија* 2. 7. 1978*,* 10.
Поповски, Владо и Митко Панов (1996). *Општините во Република Македонија.* Скопје.
Продановић-Стаменовић, Александра (2015). Компаративни ефекти музичких фестивала на локалне заједнице и туризам – Exit versus sziget. Нови Сад (докторска дисертација). http://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/1658/Disertacija.pdf (Превземено: 25. 3. 2019).
Ристовски, Блаже (1968). Првиот балкански фестивал на народни песни и игри во Охрид. *Македонски фолклор* 1–2, 325–327.
Ристески, Михаил и Ракичевиќ Габриела (2017). Анализа на трендовите на туризмот во Репубика Македонија за имплементирање на манифестацискиот туризам. *Knowledge* 16(4), 1–25.
Симонческа, Лидија (2000). *Промотивни активности во туризмот.* Охрид: Институт за истражување на туризмот.
Стојановић, Марко Д. (2016). *Етнотуризам у Србији – примена конструкта о индентитету.* Београд: Филозофски факултет (докторска дисертација) http://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/6526/Disertacija4513.pdf (Превземено: 25. 3. 2019).
Уредба за оснивање на фолклорен институт. *Службен весник на Народна Република Македонија* 11(50), 71.
Уредба за продолжување со работа на Фолклорниот институт како научна установа. *Службен весник на Народна Република Македонија* 41(62), 519–520.
Чучков, Владо (1962*).* По охридскиот фестивал на народна песна и игра: Традицијата треба и мораме да ја создаваме. *Нова Македонија* 21. 8. 1962, 4.

Filipi, Marijan (2015). *Uloga kulturnog turizma u razvoju turističke destinacije grada Karlovca.* Karlovac.
Getz, Donald (2008). Event tourism: Definition, evolution, and research. *Tourism management* 29(3), 403–428.
Jelinčić Angelina Danijela (2008). *Abeceda kulturnog turizma.* Zagreb: Meandarmedia/Meandar.
Kostić, Ljubica (1947). O ribarskom gospodarstvu Ohridskog jezera*. Croatian Journal of Fisheries: Ribarstvo,* 2(1–2), 16–17.
Kostić, Ljubica, (1948). Neki problem ribolova na Ohridskom jezeru*. Croatian Journal of Fisheries: Ribarstvo* 3(6), 46–47.
Richards, Greg (ed.) (1996). *Cultural Tourism in Europe.* CABI, Wallingford.
UNESCO World Heritage Centre – World Heritage https://whc.unesco.org/en/about/ (Прегледано на: 5. 8. 2018).

## „Балкански фестивал народних песама и игара“ у функцији развоја културног туризма на Охриду

*Наташа Диденко*

### Резиме

Име Охрид одувек је било повезано са значајним догађајима и личностима које су оставиле дубок траг у културној историји Македоније и широј регији. Межу њих се убраја и „Балкански фестивал народних песама и игара“, основан 1962. године. У нашем истраживању, заснованом на проучавању литературе и анализи објављених података о атрактивности туристичких понуда, њиховој приступачности, превозу, условима за боравак и смештај туриста у граду Охриду, разматрају се ова културно-уметничка манифестација и њена улога у развоју културног туризма у Охриду. Привлачни садржаји фестивала, богати интерпретацијама и представљањима музичког фолклорног стваралаштва, не само што привлаче учеснике и туристе из многих земаља, него и подстичу нова туристичка путовања, што чини Охрид најпознатијим туристичким центром у Републици Северној Македонији.

*Кључне речи*: „Балкански фестивал народних песама и игара“ – Охрид, музичко фолклорно стваралаштво, културни туризам, туристички ресурси, културно наследство

## The “Balkan Festival of Folk Songs and Games” in Function of the Development and Cultural Tourism in Ohrid (Republic of North Macedonia)

*Nataša Didenko*

### Summary

The city of Ohrid was always connected with significant events and personalities that left a profound mark in cultural history of Macedonia and the wider region. Among them is the “Balkan Festival of Folk Songs and Games”, established in 1962. In our research, based on the studied literature and analysis of the published data regarding destination attractiveness and capacity, accessibility, transportation, conditions for stay and accommodation of tourists in the city of Ohrid, we will elaborate the “Balkan Festival of Folk Songs and Games” and its significance for the development of cultural tourism in Ohrid. Attractive content of this cultural and artistic manifestation, abundant in interpretations and presentations of musical folklore, is not only appealing for par-

ticipants and tourists from many countries, but also encourages numerous new tourist trips, making Ohrid the most famous tourist center in the Republic of Macedonia.

*Keywords*: the “Balkan Festival of Folk Songs and Games” in Ohrid (Republic of North Macedonia), cultural and artistic manifestation, musical folklore, cultural tourism, tourist resources, cultural heritage

др Наташа Диденко
Државен музичко-балетски училишен центар
„Илија Николовски-Луј“, Скопје,
Р. Северна Македонија
Е-пошта: natasadidenko@yahoo.com

Примљено: 1. 2. 2019.
Прихваћено: 20. 5. 2019.